За пристап во менито на мрежни поставки најпрво притиснете го копчето **Преференции** (Preferences) во долниот ред од дисплејот на тастатура за да се прикаже **мени на преференции** (Preferences Menu).




Во **Мени на преференции** изберете го копчето **Опции на пумпата** за да го отворите под-менито **Опции на пумпата**.







Со отворено мени на **Опции на пумпата** изберете го копчето **Мрежни приклучоци** за да пристапите во мрежни опции.




**Getinge**
45 Barbour Pond Drive
Wayne, NJ 07470 USA
www.getinge.com

Изберете го копчето „Исклучено“ (**Off**) и потврдете дека индикаторот **Статус на конекции** свети црвено.




Со овие дејствија Cardiosave ќе биде заштитен од потенцијални слабости на надворешна мрежа. Cardiosave не поддржува други типови на мрежна конекција освен директно приклучени кабли за Етернет.

**<u>Корективно дејство:</u>**

Datascope/Getinge моментално развива софтверска коректција за решавање на проблемот. Претставник на сервисот на Datascope/Getinge ќе Ви се јави за да закаже инсталација на ажуриран софтвер. Оваа работа ќе биде извршена без никаков трошок за Вашата установа.

Пополнете го и потпишете го приложениот образец за одговор (страна 5) од ИТНОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ТЕРЕН, КОРЕКЦИЈА НА МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА за да потврдите дека сте го добиле ова известување. Испратете по е-маил скениран примерок од пополнетиот образец на Datascope/Getinge на rserafimoska@alkaloid.com.mk или по факс на +389 2 3204 435.

Се извинуваме за непријатноста која оваа корекција на медицинско срдство ја предизвикува. Доколку имате дополнителни прашања, јавете се на Вашиот локален претставник на Datascope/Getinge.

Надлежниот орган во Вашата земја, МАЛМЕД, е известен за оваа постапка.

Одговорно лице за фармаковигиланца и материовигиланца
Невена Станкова Доневска
+389 72 211 085
nstankova@alkaloid.com.mk